UDC: 712.04
Стручен труд

# ВЛИЈАНИЕТО НА ИСЛАМСКОТО ГРАДИТЕЛСТВО ВРЗ ТРАДИЦИОНАЛНИОТ НАЧИН НА ГРАДЕЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД 19 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА

**Екатерина Намичева[1], Петар Намичев[1]**

[1]Архитектонски факултет, Универзитет „ФОН", Скопје
kate_nami@gmail.com
[1] Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип
petar.namicev@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Влијанијата во просторниот и конструктивниот систем на обликување на куќата на територијата на Македонија во 19 век, од османлискиот концепт на градба, биле изразени преку одредени сличности кои на директен или индиректен начин се применувале за задоволување на одредена потреба. Сличностите биле изразени во формирање на просторниот систем, конструктивниот систем, декоративната обработка, структурата на уредувањето во ентериерот, изборот на материјали за градба, надворешната обработка и сл. Според одредени сличности на користење на муслиманскиот концепт на станбен објект можеме да согледаме влијание врз типолошкиот модел на просторот на куќата во Македонија.

**Клучни зборови:** *куќа, чардак, простор, модел, османлиски, симетрија.*

# THE INFLUENCE OF ISLAMIC ARCHITECTURE ON TRADITIONAL WAY OF BUILDING RESIDENTAL HOUSES FROM 19TH CENTURY IN MACEDONIA

**Petar Namicev[1], Ekaterina Namiceva [2]**

Art Academy, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
petar.namicev@ugd.edu.mk
Faculty of architecture, FON University, Skopje, Macedonia
kate_nami@gmail.com

**Abstract**

Impacts in spatial and structural system of shaping the house on the territory of Macedonia in the 19th century, the Ottoman concept of construction were expressed by certain similarities which, directly or indirectly, were applied to satisfy a need. The similarities were expressed in the formation of spatial system, construction system, decorative processing, the structure of arranging the interior, choosing the materials for construction, external processing etc. According to certain similarities of using the Muslim concept of a residential building, we can see the impact on the typology of the model space of the house in Macedonia.

**Keywords**: *house, porch, space, pattern, ottoman, symmetry*

## Вовед

Куќата претставува простор за престој на човекот со одреден број на простории, кој во исто време го користи за егзистенцијални потреби, како и од аспект на симболичното значење за поседување на свој простор. Во градовите во Македонија во 19 век бил наметнат исламскиот концепт на формирање на станбен простор, како главна ќелија - матрица во градот, еден вид на затворена концепција која се развивала во сопствениот круг, насочено кон внатрешниот простор.

Станбената комплексна единица се состоела од куќа и дворно место, бавча, бунар, помошни економски објекти (штала, плевна, остава, летна кујна), клозет и сл. Во сите градови и рурални населби најчесто дворното место било оградено и заштитено со ограда, како влијание од исламскиот концепт на дворно место, но и поради несигурноста во периодот на османлиското владеење. Затворениот двор го формирал просторот каде што творечките влијанија инвентивно се применувале и

се трансформирале. Влијанието било изразено во промените на градењето на куќата и покрај оддалеченоста од центарот на влијанието и разликите во градската и руралната средина. Сличен концепт на диспозиција на просторниот концепт со куќите на османлиската територија е релативно во исти рамки, иако се работи за голема оддалеченост на една од друга. Најголемиот број на станбени објекти низ просторниот план ги изразуваат битните композициски структурни и применети декоративни елементи, што се рефлектира на социјалното и економското ниво на куќата. Затоа констатираме видливи влијанија на исламскиот концепт на живеење на една поширока рамка на Балканот, чиј составен дел е и територијата на Македонија. Притоа станбениот простор бил одвоен од надворешниот јавен простор, но сосема отворен кон внатрешниот двор, спрема зеленилото, природата, водата, пејзажот и сл. Развојот на просторот и куќата создава специјален однос кон природата и квалитетот на живеењето. На тој начин природата ја презема улогата на елемент на композицијата, каде што природата преминува во градба, со форма на архитектонска и волуменска пластика во градскиот пејзаж.

При формирањето на просторниот и конструктивниот систем на обликување на куќата во двете средини има одредени сличности кои на директен или индиректен начин се применувале за задоволување на одредена потреба.

Дворното место учествува како дел од внатрешниот простор, што се користи со ист интензитет како и затворениот станбен простор на објектот. Во дворот се поставуваат помошни економски објекти, летна кујна (Кратово), потон (Велес), бунар, градина (Тетово), бавча и сл. Кујната во дворот најчесто се нарекува летна кујна, како простор со огниште, со полици за предмети и сандаци за складирање, со помошна просторија, која служела како остава.

Затвореноста на дворниот простор се потенцира со двокрилна влезна порта која е конструирана со дрвени масивни штици, кои се поврзани со метални клинови - шајки, на рамка во масивно дрво, вклештено во надворешниот камен ѕид. Структурата на конструктивниот систем, како и претходно подготвените елементи, создаваат форма на капија која зрачи со сигурност и декоративна структура од материјали. Строга линија на поделба тешко се одредува поради флексибилноста на користењето на просторот, односно приоритет се дава на функционалноста на отворениот и затворениот простор, како и на неговата вклопеност и надоврзувањето еден кон друг. *Чешмата* се поставувала на одредено место во дворот за нејзино користење, за вода за готвење и перење, а системот од канали за одведувањето на водата се поставувала да биде во близина на надворешниот

ѕид. Во *градината* која имала скромна површина се негувале одредени видови цвеќиња, карактеристични за регионот и климата, а нејзината положба била во непосредна близина на влезот и куќата. *Бавчата* содржи одредени растенија кои биле карактеристични за задоволување на домашни потреби.

**1.Развој на куќата**

Куќата за локација ги користи изохипсите на конфигурацијата на теренот, за патишта, за запазување и почитување на визури кон градот и кон потребите на соседот. Ориентацијата на куќите секогаш е кон јужната страна или кај куќите со неповолна ориентација, кон исток или запад.

Концептот на османлиската куќа се развивал во рамките на нејзината доминација на просторот на Балканот, каде што оставила големо влијание до денес. Во овој период не може да се одреди конкретен тип, туку преку разните форми и варијанти на модели се следи влијанието од различни современи потреби.

Промените во стилските карактеристики и изборот на деталите биле бавни и во еден долг временски период. Денес од големиот фонд на објекти се сочувани оние со датирање најдолго од 150 години, поради трошниот материјал од кој се градени. Концептот на куќата од источните анатолиски предели се пренесувал како основен концепт, но се надоврзувал на постоечкиот културен градителски концепт на територијата каде што работеле градителските тајфи од Балканот. Контактите со европските земји секако влијаеле врз османлиските градби и стилот на живеење, како и врз одредени основи на византиската традиција која била присутна на овие простори.

Преку освојувањето на балканските земји османлиите донесувале и влијанија при градењето на куќите и формирањето на населбите, особено во подрачјата каде што не е изразена одредена традиција.

Православните мајстори и занаетчии имаат голем придонес преку својата работа во 18 и 19 век да влијаат врз создавањето на регионалните карактеристики на архитектонскиот локален израз. Начинот на живеење на турското население кои се населувале и културната работна рамка создавале поволна подлога за приспособување кон локалното градителско наследство. Основните карактеристики на турската станбена архитектура извршиле влијание најчесто во рамките на формата на декоративните мотиви и стилот на занетчиската обработка во градежништвото. Во најинтензивното јадро на развојот и формата станбената куќа во главните градови на Турција, одредени архитектонски форми се копирале како доминантни и идеализирани на пошироката територија на Турција. Но со

османлиските освојувања, особено во 19 век, овие влијанија на формата полека се губеле. Најголемо влијание било извршено врз формата и организацијата на градските јадра и урбаниот концепт на живеење. Во подоцнежниот период на гасењето на Османлиската Иимперија, кога се отцепувале територии, се создал отпор кон овие влијанија на муслиманскиот концепт на живеење. Во одредени подрачја каде што се зачувани одредени објекти со автентична градба може да се следи влијанието и интензитетот на исламскиот начин на обликување на објектите, урбаниот контекст и формата на населбата. Тоа е изразено во подрачја каде што не се доволно силни локалните влијанија и негувањето на локалната градителска традиција.



***Слика.1.*** Изглед на симетричен затворен тип на куќа, Дебар, 19 век; куќа со простран двор, Тетово, 19 век
***Figure.1.*** View of symmetrical gated house, Debar, 19th century; House with spacious garden, Tetovo, 19th century

Слично на условите во Турција каде што под влијание на современите услови на живеење и градење со нови материјали и нов концепт на изглед, поттикнат од антагонизмот кон сè што е традиционално, се рушеле градски јадра каде што доминирале овие традиционални градителски форми. Формата на куќата претрпела големи промени и трансформации, кај различните типови станбени градби кои настанале под силно влијание на османлиските елементи, во различни подрачја под одредени локални услови. Климата, локалните материјали и спецификите на народната уметност биле различни со варијантни решенија, од секој регион поединечно. Можеме да констатираме одредени заеднички карактеристики кои се манифестираат на архитектонската форма на различен начин поединечно за секој простор во куќата.

Основните фактори кои влијаеле на развојот на различни типови и варијантни решенија на куќи се климатските услови, геолошките особености на подлогата и локалните материјали од непосредната околина,

во контекст на одредени општествени услови, од аспект на економската моќ на населението и брзината на реализацијата на промените кои настанувале.

Основниот концепт на диспозицијата на просториите во османлискиот тип на куќа се состои од структура на два основни елемента, соби (одаја) и средишен простор – чардак кој ги поврзува собите. Оваа просторна шема е применета кај најголемиот дел од решенијата на куќите. Во внатрешноста на одаите се задржал концептот на мулифункционален простор за седење, престој, работа, јадење и спиење. Просторот на ходникот-чардакот, исто така, служи за престој, собири за веселби (гости), со предвиден простор со седишта (миндери) кои се поставени на едната страна на просторијата, најчесто кон осветлениот простор, под прозорците.

Собата претставува плански осмислен економичен и мултифункционален простор како трансформација на единицата за живеење од номадскиот период - шатор или колиба, како привремено живеалиште. Овој простор се развивал според потребите и можностите, со мултиплицирање во секоја единица, во состав на собите. Внатрешниот простор на одаите бил тесно поврзан со елементите од врата, прозорец и други конструктивни елементи од градбата, кои не влијаеле на функционалноста на просторот. Кај постарите примери елементите од структурата на просторот биле значајни во однос на степенот на учество во формирањето на собата. Кај постарите објекти односот на примената на материјалите и нивно приспособување и учество во формирањето на собата имало повисоко значење. Подоцна се менува функционалниот став, односно вредноста и обемот на структурните елементи се намалуваат како приоритет во однос на заземање на просторот. На тој начин се губи врската на одредување на типот на материјали кои се користени во конструкцијата на елементите, само во однос на надворешниот изглед.

Според планот на куќата можеме да ја одредиме и катноста според просторната диспозиција. Турската куќа била најчесто на едно или на повеќе нивоа, но целокупната функција била најчесто застапена на едно ниво, додека другите нивоа имале секундарна функција и повремено се користеле. Турската куќа имала примарен концепт на поделба на *харемлук* (женски дел) и *селамлук* (машки дел), каде што целиот простор се одвојува од надворешниот јавен простор.



***Слика.2.*** Изглед на затворен тип на куќи, Скопје, 19 век
***Figure 2.*** View of closed type of houses, Skopje, 19th century

Основната концепција на турската куќа на поврзување на надворешниот простор со одаите е преку претпростор - хол или чардак кај балканската куќа. Овој претпростор води потекло од античката куќа, каде што холот бил оформен со столбови - хол кај турската куќа или чардак кај балканската куќа. Внатрешниот хол се појавува во неколку најприсутни типа, како издвоен простор од габаритот, во линија со габаритот или средишно поставен како централен простор од каде што се пристапува кон останатите простории на објектот. Овие основни типолошки модели се применуваат преку безброј варијантни решенија на територијата на Балканот. На тој начин поврзаноста на просторната диспозиција на елементите на живеалиштата на Балканот, а и на територијата на Македонија може да се поврзе со влијанијата од османлиската куќа или нејзини одредени просторни функционални значења кои учествуваат во формирањето на базичната просторна концепција на македонската куќа од 19 век.

Формата на холот кај турската куќа се трансформира од отворен, затворен со прозорци или како дел од основата, во ист габарит со останатите простории. Додатни форми на проширувања и додатни простори на основната форма на холот (или чардакот) создаваат креативни просторни решенија. Кон ова се надоврзува и положбата на скалите кои се поставуваат, со централна положба или во една од страните кон одаите. Средишната поставеност на холот во просторот е често применувано решение, каде што просторот е затворен од сите страни. Комбинирањето на повеќе различни просторни елементи во една сложена композиција претставува најсовршено решение, карактеристично за куќите на одредени поимотни сопственици, односно семејства.

**2. Функцијата на куќата**

Според начинот на живеење на повеќе членови на едно семејство во заедница во феудалното уредување, системот на просторноста на куќата треба да биде лесно делив и функционален, приспособуван за различни потреби. За основната функција за живеење се користи собата во период преку целиот ден за различни функции. Со редуцирање на опремата за внатрешното уредување се овозможува еластичност на внатрешниот простор да се користи за различна намена.

*Миндерите* се поставуваат во собите покрај ѕидовите, со формирање на дрвена конструкција, над која се поставува мека подлога, која со текстил се обложува за да се добие мекост на површината за седење. Над оваа подлога се поставуваат меки перници и декоративни прекривки за украсување на одаите.



***Слика 3.*** Изглед, основа и пресек низ мусандра со бања, од одаја, Дебар, Прилеп, 19 век

***Figure 3.*** View, base and cut through the cupboards-*musandras* with the bathroom-*amamdzik*, from *odaja*, Debar, Prilep, 19th century

*Мусандрите* се поставуваат покрај ѕидот на влезот, најчесто заедно со конструкцијата - рамката на вратата. Притоа во линијата на батеријата се поставува долап, средишен дел со украсни полици, за украсни предмети или садови за јадење и котел за вода и греење, кој е поврзан со бањата - *амамџик*. Бањата е просторија која е пренесена од муслиманската куќа за одржување на хигиената, која на подот има одводен канал за извлекување на водата надвор од просторијата и куќата. Заради оваа причина често бањата (*амамџик*) се поставува на аголот на просторијата, заради полесно извлекување на водата од куќата, преку вградените одводни цевки. *Огништето* е изградено од камен со завршни декоративни облоги на горната страна на капата од огништето. Во зависност од материјалот (дрвена конструкција премачкана со смеса од кал или од камен) се гради

и геометриска завршна капа, со најчесто правоаголна или конусна форма. *Рафт* претставува дрвена полица која е поставена над миндерите или во иста линија и на ѕидовите во одајата, за украсни садови. Полицата треба да биде на дофат на рака на човек во исправена положба, односно на растојание од таванот од 30 до 60 см. *Долапите* претставуваат помали вградени отвори во ѕидот, отворени без вратнички или затворени со една или две врати, во функција на складирање на предмети. Се користи истото дрво како и за мусандрата, или таванот, со слична декорација на површините на вратничките или рамката на отворите. Мијалник - *абдестлук* се користи за одржување на хигиената, а се поставува најчесто на оградата од чардакот, исфрлен од линијата со еркер, со дрвена ограда, за одливање на водата надвор од габаритот на куќата. Се поставува коса плоча од камен или дрво, со цевка кон надвор, а поретко овој мијалник се ставал во конструкцијата на прозорецот или во засебна просторија.



***Слика 4.*** Изглед и основа на мусандра и внатрешна врата од одаја, Јанкоец, Ресен, 19 век
***Figure 4.*** View and plan on cupboards-*musandras* and interior door room, Jankoec, Resen, 19 century

*Чардакот* претставувал простор за работа, примање на гости, но и за одмор, често украсен со додатна декорација на таванот, со денивелација на подот, со огради, и други подвижни украсни елементи од мебелот на традиционално уредениот простор.

*Кулата* како градежна форма се практикувала да се гради на поседите на феудалците, надвор од градот, кои се формирани како градежна форма која се обликувала во средновековниот период со примарна функција за одбрана на поседот (Штипско, Прилепско, Кратовско). Поседите

на муслиманската куќа имале кули на оградните ѕидови, со квадратна форма, најчесто на два ката, каде што највисокото ниво било изведено во дрвена конструкција, со еркерни испусти и декоративна конструкција. Влезот во кулите секогаш бил добро обезбеден, со мал отвор, подигнат со скали, за полесна одбрана. Ентериерот на кулите бил во склад со градската куќа од истиот период, со мусандри, бања (*амамџик)*, нужник, огниште, тавани и сл. Влијанието на формата на одбранбените кули во градовите се трансформирала во кула за одбрана и живеење, додека во руралната средина на поседите се развивал како кула за одбрана, престој во периодот на жетварските работи и складирање на житните растенија. Трансформацијата на формата од средновековната кула со тек на време се трансформира и презема елементи од станбената архитектура, со што се добиваат различни варијантни решенија. Во руралните населби типот на кула според терминологијата и градежната форма претставува естетизирана трансформирана форма на архитектонска градба со високи естетски вредности, која ги комбинира елементите на средновековната форма на кула со елементите на градската куќа од истиот период (Река, Гостиварско, Прилепско, Малешевија и др). Најголем комплекс на овој тип на кули претставувале во комплексот на Хавзи-пашините конаци, во близина на Скопје, Теќето во Тетово и други комплекси, каде што може да согледаат овие трансформации на овој тип на градби.

## 3. Материјал и конструкција

Материјалите за конструкцијата на куќата се пренесувале од непосредната околина, различни видови камен (обработен), дрво кое претходно било подготвено и разни видови на материјали - земја која се користела за премачкување - обложување на ѕидни површини. Темелите се градени на откопи во длабочина од 50 см, со врзно средство од варов малтер.

Конструкцијата на ѕидовите најчесто е од камен (50-80 см), во почетокот без врзно средство, подоцна со кал, и подоцна најчесто се поврзуваат со варов малтер. Обработката на каменот е присутна, особено на аголните рабови на куќите, рамките на прозорците и вратите, како и на одредени декоративни фризови. Карактеристика на османлиските куќи е поставување на покривен слој од премаз од надворешната и внатрешната страна на ѕидовите. Во исламските станбени објекти било практикувано да се покриваат елементите во ентериерот. Поради конструктивни причини и еластичност на ѕидната маса на одредено растојание по вертикала се поставувале дрвени греди на надворешниот раб од двете страни, кои се поврзувале со *атули* - попречни гредички, поставени на попречната

страна на ѕидот. Овој начин на двојно поставување на дрвени греди се применува и над отворите на вратата или прозорците. Премостувањето може да се изведе и од парчиња камен во полукружна, лачна форма, кои од надворешната страна се премачкуваат. Столбовите над приземјето се изведуваат најчесто од дрвени греди, каде што се втиснуваат седла за поврзување на вертикалната положба на столбот и хоризонталната дрвена греда. Поставувањето на гредите во коса положба претставува подлога за поставување на гредички од надворешната страна кои се премачкуваат од надвор, со што се добива исполнета волуменска маса на затворен косник.

*Таванските површини* се изведени со видливи греди со поголема димензија, а се обложени со штици од надворешната страна, кон просторијата. Поретко таванот се обликува со кубе кое е вметнато во волуменот на покривната конструкција. *Скалите* се најчесто еднокраки заштитени со ограда, која е декорирана со отвори од вертикални штици, а се затвораат со капак од горната страна, а со отворање е во хоризонтален правец. Капакот се поставувал од причини на сигурност кога се користи горниот кат. *Чардакот* како конструктивен систем се исфрла кон улицата, како отворен простор, а се потпира со косници на приземното ниво.

Ѕидовите на катот се најчесто во бондрук конструкција, каде што се надополнува со отвори во кои се поставуваат прозорците. Тие се поставуваат со сличен распоред на двете нивоа, но во приземјето се со помали димензии, а особено кај ѕидовите изградени од камен. Прозорците се со конструкција која зависи од системот на отворање по хоризонтална оска или со вовлекување во конструкцијата на ѕидот, односно со преклопување на едната половина врз другата.

**Заклучок**

Елементите кои се содржани преку модифицирање на формата и приспособување од муслиманската куќа се однесува во насока на задоволување на потребите преку функционалноста на куќата. Притоа значајна улога одиграло приспособувањето на куќата со просторни елементи пренесени од турскиот концепт на куќа, од страна на доселеното население за време на османлиското владеење на овие простори. Ова може да се анализира и потврди во неколку различни сегменти.

Примарно-просторната концепција на куќата произлегува од локалниот начин на елементи кои се формирани во период на еволуција на куќата, приспособена на потребите на автохтоното христијанско население. Во периодот на интензивното градителство, особено на станбената архитектура, во 18 и 19 век, кога економските и општествените услови ја зајакнале состојбата на семејствата, тие градат куќи со зголемена

корисна површина. Притоа се користат елементи на просторни содржини, форми на просторен план на одаја или чардак, под влијание на турската куќа од истиот период. Се зголемува површината на чардакот, каде што се применуваат елементи, како миндери за седење, слични по форма и местоположба, во просторот на исфрлениот еркер, со што се потенцира неговото значење. Чардакот добива централна улога во организацијата на куќата, иако просторот бил содржан и во дотогашните модели на куќи, но постојаната промена на формата и декорацијата укажуваат на импортирани концепти од османлиската станбена архитектура.

Во обликувањето на надворешниот изглед на куќата во Македонија особено е изразено влијанието во примената на ритамот на прозорците во одредена густа линиска форма на катовите, што има поврзаност со фасадата на османлиската куќа. Иако ритамот на прозорците, како доминантен елемент на фасадата, произлегува од примената на бондручниот систем и положба на одредено место, притоа со потенцирање на симетријата, нивното групирање е произлезено и од потребата за осветлување со природно светло во внатрешноста на куќата (Дебар, Гостивар, Тетово). Прозорците се применуваат со зголемени димензии, поголема височина и јужна ориентација. При формирањето на целокупниот концепт на фасадата се применуваат одредени форми, групирање на прозорци, положба на врата, еркери со преземени модели од османлиската куќа.

Пренесувањето на одредени модели и концепти од другите простори било возможно поради движењето на градителските тајфи, кои работеле на пошироката територија на Балканот. Тајфите од Македонија во поголема мерка работеле кон другите соседни држави, каде што го усовршувале занаетот, но воедно пренесувале одредени техники на изработка и естетски елементи, со влијаеле врз трансформацијата и стилизација на формата. Затоа се сретнуваат елементи кои не се специфични за одредена средина, но применети, поради рутината и искуството кое го имплементирале градителите и занаетчиите кои оделе на печалба. Особено е видливо влијанието при боената декорација на фасадите, на високи декоративни полиња, на фронталната фасада и стреите на куќите (Крушево, Велес, Тетово и др.)

Според наведените сличности на користење на муслиманскиот концепт на станбен објект можеме да согледаме влијание врз типолошкиот модел на просторот на куќата во Македонија. Особено е потенцирана положбата на отворениот чардак кој доминира во организацијата на просторот и на надворешниот изглед на куќата. Најчесто се практикувале симетричните решенија на централна или странична положба на чардакот. Директно пренесување на одреден план и модел не се практикувало, но

приспособување на постоечките решенија од муслиманската куќа според потребите на локалното население е забележано кај поимотните семејства, со разновидноста на содржините и нивото на декоративна обработка особено во ентериерот.

**Користена литература**

Вољињец Р, Алексиевска Ј (1983). Функционално *обликовната концепција во архитектурата во старата тетовска куќа:* Зборник на АФ , бр.6, Скопје (зборник).
Вољињец Р, Алексиевска Ј. (1984). *Ликовни и обликовни вредности во народната архитектура како резултат на практичната градителска постапка*: Зборник на АФ, бр. 7, Скопје, 53-61(зборник).
Зографски Д. (1980*). Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење*, Култура, Скопје (монографија)
Grabrijan D, Neidhardt J. (1957). *Arhitektura Bosne i put u savremeno*, Ljubljana, Ljudska pravica (монографија).
Грабријан Д. (1986*). Македонска куќа или преод од стара ориенталска во современа европска куќа*, Мисла, Скопје (монографија).
Којиќ Б. (1953-54), *Конаци и Чифлик Авзи Паше у Бардовцима код Скопља*, Зборник ЗЗСК. Нњ.4-5, Београд, 223-240 (монографија).
Круниќ Ј (1996). *Смештај, развој облика и основе Битолјске куќе при концу турске владавине, Баштина градова средњег Балкана*, Зовет, Београд, 165-194 (монографија).
Седад Х.Е. (1955). *Турк еви план типлери*, Истанбул (монографија).
Сезгин Х. (1987). *Турска, Народно градитељство на Балкану*, ИЦОМОС, Београд,141-52 (монографија).
Pašić A.: *Arhitektura Bosne i Hercegovine Osmanski period* (1463-1878)-Stanovanje (монографија).